29993

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674

Isečak iz lista
Newspaper cutting
ВЕЧЕР
СКОПЈЕ

23 FEB 1983

6103, 12,

БЕЛЕЖИМЕ

# Заборавеност

*Кај нас, во областа на културата, освен традиционалните награди и признанија, во текот на годината по разни поводи и пригоди се доделуваат и повеќе ад хок награди со кои давателите на ваквите награди сакаат да дадат и свој придонес во поттикнувањето и вреднувањето на одделен вид уметничко творештво. Сосем е разбирливо дека ваквите гестови се благородни и дека на еден или друг начин вршат значајна стимулативна функција.*

*Меѓутоа, во практиката честопати се случува одделни институции, организации или заедници едноставно да забораат дека при даден случај доброволно се декларирале како мецени или донатори па нивната првична благородна желба постепено со текот на времето и заборавеноста, добива призвук на бумеранг и сосем оправдано ги имитира оние што ќе се почувствуваат како заборавени лауреати. Има повеќе вакви случаи, но овојпат ќе приведеме еден што има „антологиски" елементи:*

*Во октомври 1981 година во Музејот на современата уметност во Скопје беше отворена грандиозната изложба на Сојузот на ликовните уметници на Југославија. На свеченото отворање, меѓу другото, беа соопштени и имињата на лауреатите, а еден од добитниците на награди беше и истакнатиот словенечки сликар Хенрик Маркељ кој беше носител на наградата од 20.000 динари што му ја додели СИЗ за култура на град Скопје.*

*Пред извесно време во Скопје се одржа редовно собрание на Сојузот на југословенските ликовни уметници, а како делегат на собранието во словенечката делегација се наоѓаше и Хенрик Маркељ кој едноставно ги изненади своите домаќини (македонските ликовни уметници) кога им соопшти дека наградата сè уште не му е врачена.*

*Вчера, во врска со овој случај, побаравме некои појаснувања во СИЗ за култура на град Скопје, но бевме информирани дека во моментов не знаат ништо во врска со наградата што ја доделиле и дека за судбината на оваа награда единствено можеби знаат тогашните функционери во Заедницата кои моментно се на други функции!*

**Т. Ширилов**